**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 48 став 2 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.158/10 и 123/12), член 105 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија" бр.24/12 - пречистен текст, 15/13 и 148/13), Извештај од работата на Жири комисијата за оценување на трудовите пристигнати на Конкурсот за идејно и ликовно графичко решение за банкнотите во апоени од 200 и 2000 денари од 16 октомври 2013 година и Овластување бр.27799 од 13 август 2013 година, секретарот на банката донесе

# О Д Л У К А
## за доделување награди во постапката конкурс за избор на идејно решение

1. По спроведување на постапката за јавна набавка согласно одредбите кои важат за набавка со посебна постапка со доделување награди, Конкурс за избор на Идејно решение за банкноти со апоенска вредност од 200 и 2000 денари, како најдобри идејни ликовни решенија се наградуваат следните:

- I награда, шифра „ ЕМИТО ", автор: Ласко Џуровски, ул. Братфордска бр. 2, Скопје - парична награда во висина од 240.000,00 денари;

- II награда, шифра „ 19884 ", автори: Акд. слик. Билјана Унковска и Акд. диз. Дориан Спанзел, Студио Артрепублик Стари Трг 22, Љубљана, Словенија - парична награда во висина од 200.000,00 денари;

- III награда, шифра „ L2408 ", автор: Коети Валери, ул Обертур Фидусиаре, Шантепе, Франција - парична награда во висина од 160.000,00 денари.

2. Покрај наградите од точка 1 од оваа Одлука, се доделуваат уште три откупни награди во поединечен износ од по 60.000,00 денари за следните:

- шифра „ 1810M", автор: Александар Јосифовски, ул. Димо Хаџи Димов бр. 176, Скопје;
- шифра „ 317A4", автор: Небојша Гелевски, ул. Хелсинки бр. 11а, Скопје;
- шифра „ 92013", автор: Билјана Стевковска Савиќ, ул. Симче Настевски бр.31 б, Скопје.

3. Се задолжува Дирекцијата за административно - технички работи да ја спроведе оваа одлука.

**Образложение**

Согласно Одлуката за јавна набавка бр.22197/6 од 8 јули 2013 година, Народната банка на Република Македонија спроведе постапка за јавна набавка на услуги - Идејно решение за банкноти со апоенска вредност од 200 и 2000 денари, како посебна постапка со доделување на награди.

Со решение на Советот на Народната банка на Република Македонија бр.02-15/VI-1/2013 од 30 мај 2013 година, формирана е жири-комисија за оценка на идејните решенија за книжните пари-денари во апоен од 200 и 2000 денари.

Жири - комисијата, согласно член 113 од Законот за јавните набавки на 16 октомври 2013 година изготвила Извештај во кој е претставено рангирање на идејните решенија врз основа на нивната квалитативна оценка.

Извештајот од жири - комисијата беше доставен до Советот на Народната банка на Република Македонија и истиот е усвоен.

По целосно спроведување на постапката и усвојување на Извештајот на жири комисијата од страна на Советот на Народната банка на Република Македонија, идејните решенија од точка 1 и 2 на оваа одлука се избираат за доделување награда, односно откуп.

Имајќи го предвид наведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Бр.22197/9
20 декември 2013 година
Скопје

Секретар на банката
Јанче Лековски

Доставено до:

- Дирекција за административно - технички работи;
- Дирекција за правни и организациско - кадровски работи;
- Жири комисија (Вилма Трајковска - претседател);
- Дирекција за финансии, сметководство и контрола и
- Архивата на Народната банка.